


# Постапување со антисемитските инциденти

*Наставно средство*

8

WORDS INTO ACTION
TO ADDRESS ANTI-SEMITISM

OSCE
ODIHR

1. Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот
2. Надминување на несвесната пристрасност
3. Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди
4. Оспорување на теориите на заговор
5. Поучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот
6. Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот
7. Антисемитизмот и дискурсот за национално сеќавање

## 8. Постапување со антисемитските инциденти

9. Постапување за антисемитизмот на интернет
10. Антисемитизмот и состојбата на Блискиот Исток

# Постапување со антисемитските инциденти

За секого е важно да може да искуси што значи безбедна средина, независно дали на училиште, во соседството или на работното место – и да биде прифатен таков каков што е. Тоа е основно човеково право. За жал, премногу често луѓето се исклучени или исмевани поради тоа што се различни на некој начин. Дури и кога постои безбеден и инклузивен простор и каде што се вреднуваат различностите и продуктивно се пристапува кон конфликтите, може да се појават инциденти во поширокото опкружување кои можат да влијаат на личното чувство на припадност и безбедност.

Антисемитските инциденти претставуваат прекршување на основните права, вклучително и на правото на еднаков третман, човечко достоинство и слобода на религија и верување. Образованието кое се заснова на човековите права ги обезбедува и унапредува човековите права на учениците, вклучително и правото на еврејските ученици на образовно опкружување без антисемитизам. Како и другите облици на нетолеранција, антисемитизмот може да се појави во училниците, училиштата и заедниците. Може да биде во едноставна форма преку обичен исказ со нејасно потекло, но со негативно влијание врз ученикот и со потенцијал да прерасне во малтретирање или навредливи графити. Инцидентите може да се случат и во пошироката заедница, на кои медиумите ќе им посветат значително внимание и за кои ќе се дискутира помеѓу родителите и во јавноста. Без разлика на типот на инцидентот, ваквите настани претставуваат предизвик кој наставниците, училишното раководство и вработените мора да бидат подготвени да го решат. Ако ваквите инциденти не бидат надминати во училиштата, тоа може да доведе до нормализирање на предрасудите или до ескалација на многу понасилно однесување, и конечно, да резултира со помалку безбедна и инклузивна образовна средина за учениците и наставниците.

Демократските вредности, човековите права, заемната почит и особено културата на пристојност можат да помогнат да се создаде опкружување во кое нема да има омраза, ниту инциденти поради предрасуди. Училиштата можат да бидат поотпорни на овие инциденти ако промовираат опкружување каде се почитуваат човековите права и различностите во целата заедница. Наставниците и училишната управа мора да ги засилуваат овие вредности преку своето однесување и истовремено да го поттикнуваат разбирањето кај учениците за човековите права и да ја развиваат нивната емпатија. Најефикасен начин да се негува инклузивна средина е преку прифаќање на пристап што го опфаќа целото училиште, којшто вклучува широк спектар на активности во кои ќе бидат вклучени вработените во училиштето на сите нивоа. Овие демократски вредности треба да се отсликаат и во училишните политики, во квалитетот и содржината на наставните програми и материјали, како и преку проактивен пристап и одговорност на училишното раководство при такви инциденти. Ова наставно средство содржи информации за тоа какви антисемитски инциденти можат да се случат и нуди насоки за некои од начините на кои наставниците можат да се справат со тие инциденти за да спречат нивно повторување или ескалација.

# Заднина

Антисемитските инциденти вклучуваат благо или грубо постапување или искажување на антиеврејски фанатизам и непријателство. Повеќето инциденти што се случуваат во училиштата не се кривични дела, но се штетни бидејќи придонесуваат за создавање омраза. За да се разбере колку брзо искажувањето нетолеранција или омраза може да прерасне во инциденти коишто не може да се контролираат, корисно е ако антисемитизмот се замисли како една машина во која секој поединечен запченик предизвикува движење на другите (види го дијаграмот).

Истражувањата покажуваат дека младите се особено ранливи на антисемитски инциденти и дека е поверојатно:

- Да доживеат вербални антисемитски навреди, вознемирувања и физички напади;
- Да биле сведоци на антисемитски напад или да доживеале антисемитска дискриминација;
- да добиваат лични закани, да бидат напаѓани на интернет или следени на заканувачки начин затоа што се Евреи и;
- да избегнуваат одредени локални области или да размислуваат за селење поради страв за својата безбедност затоа што се Евреи[1].

Голем број луѓе антисемитизмот го поврзуваат со Холокаустот, но, и понатаму ги прифаќаат традиционалните антисемитски стереотипи за Евреите[2]. Овие стереотипи може да доведат до антисемитски инциденти.




*Слика: CEJI - A Jewish Contribution to an Inclusive Europe (<http://ceji.org/>)

[1] David Graham and Jonathan Boyd, "Understanding antisemitic hate crime: Do the experiences, perceptions and behaviours of Jews vary by gender, age and religiosity?", Institute for Jewish Policy Research, February 2017, <https://www.osce.org/odihr/320021?download=true>. Ова истражување беше направено на одговор на барање и со финансиска поддршка од ОДИХР и го опфаќа периодот од 2008-2012.

[2] Види ги примерите за фигуративни изрази и прикази во Анекс 2 на *Справување со антисемитизмот преку образование: насоки за креаторите на политики*, (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2017), стр. 80-83.

Антисемитскиот дискурс кај јавните личности или кај населението воопшто, како и на интернет, се смета за глобален проблем[3], дури и кога особено насилните антисемитски инциденти се релативно ретки.

Во последните години, антисемитизмот станува сè понасилен на одредени места. Во периодот меѓу 2012 и 2018 година во регионот на ОБСЕ, неколку луѓе биле убиени поради тоа што се Евреи, вклучително и деца и стари лица[4].

Ако антисемитизмот не се оспори и продолжи да се развива, тоа ќе ги поттикне младите и општествата генерално да мислат дека предрасудите и активната дискриминација на одредени групи луѓе, па дури и нападите врз нив, се прифатлива појава. За жал, училишните заедници не се исклучени од предрасудите што постојат во општеството. Ако училишните служби не се справат соодветно со антисемитските инциденти, тогаш веројатно е дека таквото непостапување ќе биде протолкувано од учениците и наставниците како премолчено одобрување на тоа што се случува. Пропустот да се одговори на тие дела и истите да се осудат, ќе испрати сигнал дека училиштата им посветуваат малку внимание на овие инциденти или на правата на оние што се засегнати од тие инциденти.

**Примери за антисемитски инциденти во училишта во регионот на ОБСЕ во 2016 година**

*Ова наставно помагало не може да ги опфати сите антисемитски инциденти што би можеле да се случат. Со давање на следниве неколку примери, испраќаме важна порака да не се игнорираат или да се одложува справувањето со тие инциденти. Наместо тоа, училиштата мора навремено да реагираат, да бидат проактивни и, кога е потребно, да побараат помош од организации што се основани да им помагаат на училиштата да се справат со антисемитизмот.*

**Белгија:** На 17 јуни, едно 12-годишно момче со еврејско потекло кое одело во основното училиште во Брен Ле Шато било жртва на антисемитски напад од три момчиња, кој се состоел од „третман со гас“, - момчето било испрскано со дезодоранс каде што биле тушевите во училиштето. Тоа се случило откако момчето во неколку наврати пријавило малтретирање[5].

**Германија:** Според полициските извештаи од 28 октомври 2016 година, едно 12-годишно момче признало дека испишало графити - свастики и името на Адолф Хитлер на повеќе од 11 јавни места, како и на училиште во градот Хајменкирх. Момчето рекло дека тоа го направило затоа што му било здодевно[6].

[3] Види ги, на пример, истражувањата од Европската комисија (Специјален барометар 484 извештај, 2018-2019) за тоа како населението во ЕУ го перципира антисемитизмот, спроведено од Агенцијата за фундаментални права на Европската унија во врска со искуствата и перцепциите за антисемитизмот кај Евреите во 12 земји членки (2018) и Глобалната анкета на Лигата против клеветење – топ 100 во врска со антисемитизмот спроведено во 2015 година.

[4] Во Франција ова вклучува: убиства на три деца и на таткото на двете од тие деца пред едно еврејско училиште (Тулуз, 2012), четири лица од вкупно 29 што беа држени како заложници во супермаркетот Кошер (Париз, 2016), а една 67- годишна жена Еврејка беше фрлена од прозорец на третиот кат од нејзиниот стан (Париз, 2017). Судските постапки во однос на овие злосторства се сè уште во тек, а официјално обвинителот ги карактеризира како антисемитски кривични дела од омраза. Во Белгија беа убиени четири лица во пукање што се случи во Музејот на Евреите во Белгија (Брисел, 2014). Во Данска, еден волонтер кој беше на стража пред Големата синагога на Кристалгаде беше убиен за време на една бат мицва (Копенхаген, 2015). Во Соединетите Држави беа убиени 11 луѓе во пукање што се случи во синагогата „Дрво на животот“ додека траеше службата за Шабат (Питсбург, 2018, судската постапка е во тек).

[5] League Belge contre l’antisemitisme, “Un élève juif «gazé» avec des déodorants: ouverture d’une enquête à Braine-le-Château, 17 June 2016 [in French], <http://lbca.be/newsletters/160620.html>.

[6] Augsburger Allgemeine, “Zwölfjähriger verursacht Serie von Hakenkreuz-Schmierereien [на германски], <https://www.augsburger-allgemeine.de/bayern/Zwoelfjaehriger-verursacht-Serie-von-Hakenkreuz-Schmierereien-id39569102.html>.

Инфолеток во кој е наведено како да препознаваме и како да се справиме со графити на омраза, а содржи и примери за симболи што би се користеле, изготвен од United against Racism: <http://www.unitedagainstracism.org/pdfs/GraffitiLeaflet_GB.pdf>.

**Холандија:** Во месец јуни, средношколци на матурска вечер во градот Схијндел пееле песни дека ќе ги горат Евреите. Некои ја пееле „Заедно ќе ги гориме Евреите затоа што тие горат најдобро"- рефрен што понекогаш се слуша на фудбалски натпревари во државата[7].

**Норвешка:** На 21 јануари 2016 година, норвешкиот весник „Aftenposten" пишува дека средното училиште Foss во Осло било опоменато од општинските власти дека не му овозможиле доволна поддршка на ученик со еврејско потекло кој бил малтретиран од своите соученици кога дознале дека е Евреин. Соучениците го поздравувале со нацистички поздрави, држеле пепелник пред него и му велеле под тушевите - „норвешките деца тука добиваат вода, ти добиваш гас". Еден друг врсник напишал на Фејсбук: „Штета што Хилтер не ја завршил работата до крај."[8]

**Украина:** Во 2018 година, една наставничка по историја во градот Лавов објавила роденденска честитка за Адолф Хитлер на својот профил на социјалните мрежи и го нарекла „голем човек". Таа била поврзана со десничарски политички групи и била член на локалниот совет. Еден час подоцна ја избришала објавата, но тоа брзо се проширило во медиумите на руски јазик. Потоа се појавиле и претходни објави во кои истата наставничка им честита на учениците што го користеле нацистичкиот поздрав во еден проект по предметот историја. Иако негирала дека таа лично ги објавила тие работи, сепак била отпуштена една недела по скандалот.

**САД:** Во 2018 година, на социјалните мрежи била објавена фотографија од матурска прослава на која момчиња од едно средно училиште во Висконсин го користеле нацистичкиот поздрав. Некои од нив изгледало како да го прават и поздравот кој ја симболизира надмоќта на белата раса. Училиштето ја осудило фотографија, а случајот бил пријавен и во полиција. Локалните полициски службеници помагале на училиштето во истрагата за овој инцидент[10].

[7] The Times of Israel, "'Jews burn the best', sing Dutch teens at graduation party", 10 June 2016, <https://www.timesofisrael.com/jews-burn-the-best-sing-dutch-teens-at-graduation-party/>.

[8] Aftenposten, "Eleven holdt et askebeger foran den jødiske gutten og sa: «Det er sånn ditt folk ser ut», 18 февруари 2016 [на норвешки], <https://www.aftenposten.no/norge/i/8qJA/Eleven-holdt-et-askebeger-foran-den-jodiske-gutten-og-sa-Det-er-sann-ditt-folk-ser-ut>.

[9] Види, на пример: "Поздравила в Facebook Гитлера с Днем рождения и потеряла работу: Скандальная история львовской учительницы", 112.UA, 25 April 2018, <https://112.ua/glavnye-novosti/pozdravila-gitlera-s-dnem-rozhdeniya-u-facebook-i-poteryala-rabotu-podrobnosti-skandala-so-lvovskoy-uchitelnicey-443166.html>.

[10] "Male students at an (almost) all-white high school gave a Nazi salute. Now officials want to figure out why", James B. Nelson, Milwaukee Journal Sentinel, 12 November 2018, <https://eu.usatoday.com/story/news/nation-now/2018/11/12/nazi-salute-baraboo-high-school-boys-wisconsin/1975695002/>.

Што треба да имаме предвид кога постапуваме со антисемитски инциденти во училиште:

- Сериозно треба да се сфатат пријавените случаи за да се избегне влошување на ситуацијата и повторна виктимизација.
- Навремена реакција – секоја задоцнета реакција може само да ја влоши ситуацијата.
- Ако поединци се жртви на инцидентот, да се обезбедат квалификувани професионални лица кои ќе се погрижат за нивните физички и психолошки потреби и кои ја интегрираат родовата перспектива во нивната работа.
- Веднаш да се разговара со сведоците на настанот, и да се направат јасни и целосни белешки додека сеќавањето е сè уште свежо.
- Да се овозможи безбеден простор каде жртвите или сведоците се чувствуваат сигурно дека не ги слуша никој.
- Внимателно да се ислуша ученикот, не заборавајќи притоа дека пријавувањето на било кој инцидент може да вознемири и дека инцидентите можат да вклучуваат и друга пристрасност, како што е родовата пристрасност.
- Да се покаже почит за сите добиени информации, не заборавајќи притоа дека жртвите често се плашат дека нема да им веруваат.
- Да се води добра евиденција, да се обезбедат сите расположливи докази и да се води сметка со нив соодветно да се постапува.
- Да се користат постојните механизми за пријавување при справување со инциденти поврзани со нетолеранција.
- Зависно од типот на инцидентот, може ќе треба да се одговори на две нивоа: административно/ казнено и педагошки.
- Во планирањето на одговорот треба да се води сметка за евентуалните различни потреби на момчињата и на девојчињата кои биле жртви, како и за перцепцијата за конкретниот инцидент што може да биде под влијание на родовите стереотипи.
- Да се вклучат родителите и/или старателите на сторителот и на жртвата.
- Да се следи соодветна постапка во училиштето и да се известат органите што ги спроведуваат законите, кога тоа е соодветно.
- Да се направи процена на инцидентот за да се утврди дали можеби тоа укажува на некаков поголем проблем во училишното опкружување, или има врска со личната ситуација на сторителот, што може да наметне потреба од пошироки мерки и
- Да се започнат разговори во едукативно опкружување во врска со инцидентот, но притоа да не се покажува на конкретната жртва или сторителот без нивно претходно одобрување.

# Стратегии за справување со антисемитските инциденти во училница

Треба да се има предвид дека едноставното отстранување на свастиката или на други графити, без притоа да се даде и педагошки одговор, би можело да доведе до повторување на делото. Можеби би било добро да се подготвите за ваквата можност заедно со другите колеги во училиштето. На пример, една група ученици уметници од Берлин ги менуваат свастиките така што врз нив ќе исцртаат уште нешто и со тоа ќе ја заобиколат пораката на омраза.

Извор: “Berlin street artist group cleverly undo swastika graffiti”, BBC website, <https://www.bbc.com/news/av/world-europe-40809266/berlin-street-artist-group-cleverly-undo-swastika-graffiti>.

**Како да се постапи ако...?**

**...најдеме свастика или симбол со слично значење (“88”) нацртани на клупата во вашата училница?**

Пред сè, ако цел на тој симбол е конкретен ученик, симболот треба веднаш да се отстрани, со претходно фотографирање за евиденција. Наставниците треба да проверат со ученикот жртва за да откријат дали се работи за изолиран инцидент или не. Можно е ученикот да бил цел на посистематско малтретирање или вознемирување.

Директорот на училиштето треба да биде известен за инцидентот -вандализам врз училишниот инвентар, бидејќи тоа може да укаже на некаква динамика во рамки на училиштето што треба да се разреши. Според политиката на училиштето, овој инцидент може да се смета како случај на графити или вандализам. Меѓутоа, треба да се земе предвид и содржината, бидејќи тоа може да укаже на инцидент поврзан со омраза. Треба да се земе предвид дека во некои земји членки на ОБСЕ ваквите инциденти се сметаат за казниво дело.

Поразговарајте со колегите наставници, или на колегиум или преку неформална размена на мислења. Тие не само што би поддржале дополнителна, педагошка иницијатива, туку треба и да се свесни за потребата од следење на развојот на настаните во случај проблемот да се рашири.

Наставниците не секогаш ќе бидат свесни за значењето на конкретниот симбол. На пример, некои знаци кои значат поддршка за нацистите се шифрирани со цел веднаш да не привлечат внимание[11]. Добро е да се идентификуваат локални можности за обука на наставници кои ќе им овозможат поддршка во развивањето педагошки одговор на таквите инциденти. Ако нема такви можности за обука, тогаш треба да се побараат програми за обука на интернет и да се истражат можностите што ги нудат невладините организации и граѓанското општество.

Би можело и целиот клас или целото училиште да се вклучат во проект што ќе помогне во развивањето свест за значењето на симболите како што е свастиката, поврзувајќи го тоа со вредностите на училиштето како што се еднаквост, различности и човекови права, како и за опасностите од исклучување.

Ако знаете кој ја нацртал свастиката, ќе имате можност непосредно да се справите со однесувањето на сторителот. Инцидентот е можно да биде мотивиран од повеќе различни причини. Особено кога се обидуваат да се идентификуваат со некоја група, можно е младите да користат симболи без да бидат целосно свесни за нивната антисемитска конотација. Други, пак, е можно свесно да ги користат овие симболи како шифра за препознавање лица или групи што ги поддржуваат антисемитските

[11] Лигата против клевета има база на податоци во која се содржани симболите на омраза, а кои би имале скриено значење. Види: The Anti-Defamation League, “Hate Symbol Database”, <https://www.adl.org/education-and-resources/resource-knowledge-base/hate-symbols>.

идеологии. Антисемитски симболи можат да се најдат на слики, бројки, букви, во музика или фрази, иако не сите се толку препознатливи како што е свастиката. Дали е ученикот целосно свесен за значењето на симболот? Или само се обидува да го привлече вниманието од некоја друга причина? Дали ученикот бил изложен на насилно екстремистичко влијание (на пример, на неонацистички групи)?

**...во градот или селото во кое живеете или работите се случил антисемитски вандализам?**

Според годишниот извештај за кривични дела од омраза на ОБСЕ/ОДИХР, од вкупно 2.140 антисемитски инциденти што беа пријавени во 23 земји членки на ОБСЕ во 2017 година, вкупно 1.719 биле напад врз имот како што се гробишта, синагоги и паметници на Холокаустот, а тука се и нападите врз приватната сопственост. Овие дела, кои понекогаш се извршени и од деца на училишна возраст, се казниви кривични дела во некои земји членки на ОБСЕ, зависно од обемот на штетата. За овие инциденти треба да постапуваат локалните институции за спроведување на законот, вклучувајќи ги притоа и локалните еврејски лидери (ако ги има). Полицијата може да спроведе истрага за да утврди дали вандализмот бил мотивиран од предрасуди и да го третира како кривично дело по основ на омраза[12].

Инцидентите како што е овој имаат големо симболично влијание, но можат да влијаат и на пошироката заедница. Во случај на скврнавење еврејски гробишта, на пример, многумина ќе бидат шокирани или бесни. Ако градот има историја која е директно поврзана со Холокаустот, инцидентот може да предизвика лична болка или сеќавање кај луѓето, да доведе до несакано самопреиспитување кај други и/или да создаде тензија помеѓу оние кои сакаат да се соочат со локалната историја и оние кои сакаат да ја негираат или закопаат.

Ако сторителите на некаков начин имаат врска со училиштето - сегашни или поранешни ученици- а истражителите утврдат дека антисемитизмот бил мотивација за кривичното дело, тогаш тоа е моментот да се размисли на ниво на целото училиште што можело да се направи за да се спречи порастот на таквата омраза.

За наставниците, ваквиот инцидент може да претставува корисна можност за учење. Наставниците можат да ги насочат учениците да најдат логика во тоа што се случило и за различните начини на кои луѓето би реагирале на еден

Возрасните најчесто мислат дека ученикот кој ја нацртал свастиката е расист, полн со омраза или поврзан со екстремистички организации. Ова е можеби така во некои случаи, но мотивација на ученикот може да бидат и неговите лични околности, немањето доволно разбирање или сензитивност за значењето на тие симболи, потоа притисокот од врсниците или желбата да се привлече внимание преку провокација или агресија. Откако подобро ќе ја разбереме мотивацијата, ќе можеме да изготвиме и соодветна стратегија на одговор.

[12] За повеќе информации во врска со кривичните дела по основ на омраза, види ја интернет-страницата на ОБСЕ/ ОДИХР на која се пријавуваат ваквите дела. Тука се содржани информации за овие кривични дела во земји членки на ОБСЕ, граѓанското општество и невладини организации, категоризирано според мотивацијата. ОБСЕ/ОДИХР имаат мандат даден од земјите членки да известуваат за тоа <http://hatecrime.osce.org/what-hate-crime>.

## Активност

Ако во конкретното место биде организирана меморијална служба откако се случил антисемитски инцидент, размислете да го донесете и класот таму за да им ја покажете својата поддршка на семејствата и на припадниците на заедницата.

Организирањето уметнички проект може исто така да биде интересен начин во обидите да им помогнеме на учениците да ги обработат своите мисли и чувства преку есеј, поема, слика или скулптура.

таков инцидент. Ако еден наставник или училиште соодветно се справат со инцидентот, учениците ќе се стекнат со подобро разбирање за:

- концептите на солидарност со жртвите на кривичното дело од омраза и храброста во одбраната на нивните права, како и примери за овие концепти од минатото и сегашноста;
- локалната историја во контекст на пошироката историја на Втората светска војна;
- разликата помеѓу правото да се критикуваат делата или политиките на Владата на Државата Израел и дело со кое се заплашува, вознемирува или претставува закана за безбедноста на локалните Евреи;
- обреди за премин кон зрелоста, особено погребните ритуали и тоа за луѓето со различно потекло;
- обичаите и придонесите на локалната еврејска заедница, како во минатото така и денес и
- како приклучувањето на заедницата во обид да се поправи штетата е доказ за солидарност и обид да се надомести, што може да ја зајакне кохезијата во заедницата.

Откако се случил некој ваков инцидент, се препорачува наставниците заедно со учениците да организираат мали групни активности што ќе поттикнат размислување и ќе помогнат при обработката на настанот. Поддршката за учениците да се вклучат во овие активности овозможува да се изгради нивното критичко размислување и емотивната интелигенција. Подлабокото учење се случува тогаш кога учениците ќе ги препознаат своите и чувствата на другите во врска со тешки настани што се имаат случено. Во овој процес, тие можеби дури и ќе препознаат скриени предрасуди за кои потоа можат да решат да ги преобразат. Примери за сопствено расудување и за активности во мали групи се кога учениците водат дневник и потоа ги споделуваат своите размислувања со другите ученици.

**...забележавте дека некој ученик учествува во активност со антисемитски елементи?**

Адолсеценцијата е критична возраст кога младите луѓе стануваат понезависни и почнуваат да носат сопствени одлуки. Притоа, кога развиваат свои мислења, можно е да ги ставаат под знак прашалник мислењата што се веќе прифатени, да експериментираат со различни идентитети или политики, да бараат цел во животот и да пробуваат различни стратегии за да имаат влијание на средината околу нив. Понекогаш погрешно ја поистоветуваат агресијата како силна страна, или се свртуваат кон групи и поединци со одредени идеи или идеологии (понекогаш и насилни или екстремистички) во потрага по лидерство и чувство за припадност.

Тоа може да се случува брзо или постепено, а исходот не може да се предвиди. Особено е изразено кај млада личност која нема семејство или пријатели кои можат да му покажат љубов и да се чувствува безбедно, ако нема со кого да се поврзе во тешки времиња, или кога наставник ќе забележи промени во однесувањето или ранливост на надворешни влијанија.

[13] *Справување со антисемитизмот преку образование: насоки за креаторите на политики, op. cit.*, note 2, стр.32.

## Активност

Помогнете им на учениците да се присетат на факторите што можат да влијаат на однесувањето кај луѓето и на настаните, како во историски така и во современ контекст:

- Учениците истражуваат еден историски и еден неодамнешен антисемитски инцидент, или во својата или во некоја соседна држава.
- Работејќи со други ученици или во мали групи, побарајте од нив да ги идентификуваат различните гледишта на оние кои биле вклучени во инцидентот и
- Поттикнете дискусија кај учениците во врска со:
  - изборите и што би можело да влијае на однесувањето на луѓето за време на инцидентите;
  - влијанието што го има антисемитизмот врз поединците и тоа во нивното или во други општества;
  - различните искуства и реакции на антисемитизам на мажите и жените;
  - нивниот личен одговор на историскиот и современиот антисемитизам и
  - евентуалните одговори на современиот антисемитизам (на пример, негово јавно и приватно отфрлање, свест дека треба да се пријават инцидентите преку релевантни механизми или да се соочат со антисемитизмот на интернет, или преку мобилизирање на другите да изразат солидарност со оние кои биле цел).

Институтот за стратешки дијалог има изготвено серија од интерактивни едукативни ресурси и видеоматеријали како контра наративи на екстремистичката пропаганда, со вистински приказни од луѓе чии животи биле засегнати од екстремизам: <https://extremedialogue.org/stories>.

Разговарајте со ученикот насамо и обидете се да согледате како се вклучил во такви активности:

- Дали станувало збор за политички демонстрации во кои некои од демонстрантите извикувале антисемитски слогани? Што мисли ученикот за таквата случка?
- Дали ученикот присуствува на редовни состаноци на некоја група и кои се целта и активностите на таа група? Дали станува збор за забранета/подземна организација или популарна националистичка организација која е поддржана од главните политички актери?
- Дали има конкретна личност која станала место каде ученикот се упатува или ментор за ученикот? Каков пример е таа личност и какви идеи тој/таа споделува со ученикот?

Ако се чини дека ученикот е инволвиран во насилна екстремистичка група или идеологија, разговарајте за тој проблем со директорот на училиштето и остварете контакт со локален надлежен орган кој е можеби подобро информиран за обидите за регрутирање во насилен екстремизам во местото каде што живеете. Тие можеби ќе ви дадат совет за тоа кои следни чекори би биле соодветни. Истовремено, како наставник, можете да помогнете во градењето отпорност кај овој ученик и кај другите за да покажете дека можеме да се спротивставиме или да отфрлиме нетолерантни и идеи на омраза преку активности што ги развиваат критичкото размислување и медиумската писменост. Активностите што сте ги презеле треба да обезбедат почитување на човековите права и вредности, како и на принципите на недискриминација. Наставното средство бр.9 „Справување со антисемитизмот на интернет“ на ОДИХР може, исто така, да биде користен ресурс за намалување на ранливоста на учениците кон насилни екстремистички идеологии.

Можно е наставникот да препознае дека ученикот го привлекуваат екстремистички идеологии или дека има направено некое антисемитско дело, но политиката на училиштето не дава директни насоки за тоа како да се постапи. УНЕСКО има подготвено ресурси за справување со насилниот екстремизам преку и во рамките на образованието. За повеќе информации види:

Од аспект на справување со стереотипите, корисно би било да поканиме претставници на еврејската заедница на час. На пример, еден германски проект наречен „изнајми Евреин“ има за цел да промовира контакт со Евреите и да ги надмине предрасудите така што волонтери Евреи се обраќаат во училиштата, на универзитетите и на други места.

Еден сличен проект (Ликрат) ги воведува учениците во јудаизмот и промовира интеркултурен дијалог. Активен е во повеќе земји, како што се Австрија, Германија, Молдавија и Швајцарија.

За идеи за справување со стереотипите, види го наставното средство бр.3 „Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди“ на ОДИХР.

Извор: “Germany’s ‘Rent a Jew’ Project Aims to Fight Anti-Semitism”, NBC News, 17 December 2016, <https://www.nbcnews.com/news/world/germany-s-rent-jew-project-aims-fight-anti-semitism-n695306>; and “Likrat: Jugend & Dialog”, <http://www.likrat.de/>.

- Спречување на насилниот екстремизам преку образование: насоки за креаторите на политики (Paris : UNESCO, 2017), <https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000247764>.
- Водич за наставници за спречување на насилен екстремизам (Paris : UNESCO, 2016), <https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000244676>.

**...слушнете како еден ученик му вели на другиот: „Ај не биди Евреин, дај гриз од сендвичот!”?**

Алчноста на Евреите е многу стар стереотип. Овој историски мит придонел да се развијат многу изрази кои станале составен дел од колоквијалниот јазик, како што се „to Jew down“ (во Соединетите Држави) со значење да се испазари за најниската цена; „manger en Juif” (Франција/Белгија) со значење дека не сака да дели со никого; „jodenfooi” (Холандија) во однос на бакшиш или подарок од некој што се смета дека е многу скржав; „ne lész zsido” (Унгарија) со значење „не биди Евреин“ и италијанското „che rabbino!” (каков Евреин!), кога се сака да се каже дека некој е евтин. Ова покажува колку се рашириле антиеврејските стереотипи поради игнорантноста или неразбирањето на тоа како историската дискриминација ги засегала еврејските заедници.

Ваквите изрази често се сметаат за безопасни, но, во стварноста тие влијаат на несвесните предрасуди кај луѓето и доведуваат до тоа дискриминацијата и предрасудите да останат незабележани. Доколку повеќе што овие изрази обично се болни за еврејските ученици или наставници што го гледаат тоа, иако не секогаш ќе ви признаат дека е така.

Наставниците можат да работат со учениците на лекција во врска со моќта на јазикот и стереотипите. Тоа може да биде во вид на дискусија за стереотипите во однос на разни групи луѓе. Кажете им на учениците да разговараат за тоа што чувствуваат кога навредувачки стереотип е насочен кон групата на која тие ѝ припаѓаат. Може да биде корисно и ако се истражуваат историските причини на длабоките стереотипи, како што е „алчниот Евреин“, но ако се користи оваа активност, тогаш од суштинска важност е да се деконструираат овие стереотипи заедно со учениците.

Има многу други активности што можат да ги преземаат наставниците за да ги спречат и надминат предрасудите, како што се организирање на позитивни културни искуства или соочување со антистереотипни слики во литературата или други проекти во класот. Дополнителни идеи за оваа тема се содржани и во наставното средство на ОДИХР број 3. „Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди“.

**... некоја антисемитска идеја се шири преку официјален училиштен настан или учебник?**

Во некои земји не е невообичаено локалната традиција да упатува на некој стар стереотип, како што е современото шоу со кукли во кое Евреинот е прикажан како ѓавол[14]. Исто така, не е невообичаено да се откриваат стереотипи и

[14] На пример, во Литванија. Види, Laima Anglickienė, “Judėjo įvaizdis lietuvių folklore: viduramžiškų prietarų atspindžiai”, Tautosakos darbai XXI (XXVIII), 2004, pp. 41–53, <http://www.llti.lt/failai/e-zurnalai/TD28/05_2%20Anglickiene.pdf>.

во застарени учебници, на пример во учебник за верски студии каде одговорот на прашањето „Кој го предал Исус?“ е „Евреите“[15]. Идеално би било надлежните образовни органи редовно да ги ажурираат учебниците и училишните активности врз основа на заложбите на земјите членки на ОБСЕ да ги унапредуваат човековите права и недискриминацијата[16].

Наставниците треба да се свесни за стереотипите, неточните прикажувања и предрасудите што можат да навредат или да стигматизираат ученици кои се Евреи или други ученици. Наставниците треба да укажат на проблематични наставни материјали, ако има такви во официјалните или неофицијалните наставни програми, и тоа да го достават до раководството на училиштето кое ќе работи во насока на нивно отстранување. Во наставните програми е можно да има и важни личности кои пропагирале антисемитски ставови, иако нивниот антисемитизам можеби не е доволно познат[17]. Ако наставната програма бара вклучување на антисемитски историски личности или наративи, посочете што е проблематично или несоодветно со истовремено укажување на позитивните вредности на истата таа личност или наратив. Наставното средство бр. 7 „Антисемитизмот и дискурсот на националното сеќавање“ на ОДИХР содржи неколку идеи како да се справите со ова прашање.

Важно е да постои заеднички и отворен дијалог помеѓу наставниците, училишните раководители, креаторите на политиките и авторите на учебниците затоа што тоа може да ги мотивира образовните власти да преземат чекори во насока на отстранување на антисемитизмот што е присутен во наставните програми и во официјалните учебници, или да потврдат дека тоа ефективно се деконструира од страна на наставниците во нивната наставна пракса. Побарајте институционални начини преку кои би можеле да се ангажирате подлабоко, како наставник, во јавна дискусија за преиспитување на учебниците во вашата земја.

**...ученик извршува насилен акт, веројатно мотивиран од антисемитизам?**

Малтретирањето може да биде во вид на физичко заплашување и може да прерасне во физички напад, па дури и во кривично дело од омраза. Кривичното дело од омраза е дело мотивирано од предрасуди во однос на идентитетот на жртвата[18]. Во таквите случаи, потребно е да се вклучи директорот на училиштето или можеби и полицијата, како и да се комуницира со родителите или старателите на засегнатиот ученик.

На учениците треба да им се објаснат законските импликации на нападите мотивирани од предрасуди. Некои можеби не се свесни дека таквите напади можат да доведат и до отворање криминално досие. Во секој случај, насилство на училиште не смее да се толерира и ако ученикот сторил насилен акт, тој/ таа треба да одговара за тоа. Од таа причина, потребно е да постои политика на училиштето за справување со насилните појави насочени кон вработените и учениците.

[15] За проучување на француските, италијанските и шпанските катахизми, види: Maria Brutti, “Jews and Judaism in European Catholic Catechisms and Textbooks”, *Studies in Christian-Jewish Relations*, Vol. 4, Issue 1, 2009, <https://ejournals.bc.edu/ojs/index.php/scjr/article/view/1538/1392>.

[16] Земјите членки на ОБСЕ постојано се посветени на овие принципи. Види: OSCE Conference on the human dimension of the CSCE, Copenhagen Document, Copenhagen, 29 June 1990, part II paragraphs 9.1, 10 and 10.2 and part IV paragraphs 32, 40, 40.1, 40.3, 40.4, 40.5 and 40.6, <https://www.osce.org/odihr/elections/14304>.

[17] На пример: браќата Грим, Мартин Лутер, Волтер и Т.С. Елиот се историски личности познати по своите антисемитски ставови.

[18] Интернет-страница на ОБСЕ/ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза, op. cit., note 12.

# Ресурси и дополнителни материјали

За повеќе информации за тоа што се смета за кривично дело од омраза, види ја интернет- страницата на ОБСЕ/ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза:
<http://hatecrime.osce.org/what-hate-crime>.

За информации како да препознаваме и како да се соочиме со графити кои содржат омраза, види: United Against Racism “Graffiti Leaflet”:
<http://www.unitedagainstracism.org/pdfs/GraffitiLeaflet_GB.pdf>.

Примери за проекти чија цел е справување со стереотипите кај учениците:

- Likrat Leadership and Dialogue Project, <http://www.likrat.ch/en/>;
- Jødiske veivisere (Jewish Pathfinders), <https://www.xn--jdedommen-l8a.no/jodiske-veivisere/>;
- Проект “Rent a Jew”,, <https://rentajew.org/>;
- Haver Informal Jewish Educational Foundation, <http://haver.hu/english/>.

За евалуација на ефективноста на разните видови стратегии против малтретирање, види:
Rachel C. Vreeman and Aaron E. Carroll, “A Systematic Review of School-Based Interventions to Prevent Bullying”, *The Journal of the American Medical Association*, Vol. 161, Issue 1, January 2007, pp. 78–88.

За повеќе информации за сличностите и разликите во физичкото однесување, стиловите на социјална интеракција, академски мотивации, други однесувања и изборот што го прават машки и женски ученици, види:
Kelvin Seifert and Rosemary Sutton, “Educational Psychology”, Chapter 4: Student Diversity, Gender differences in the classroom”, Second Edition, 2009, p. 66-85,
<http://home.cc.umanitoba.ca/~seifert/EdPsy2009.pdf>
<https://courses.lumenlearning.com/suny-educationalpsychology/chapter/gender-differences-in-the-classroom/>.

Сведочења за инциденти на омраза што се случиле во училишта во Соединетите Држави:
Coshandra Dillard, “Hate at School: A Back-to-School Look at the Past Year”, Teaching Tolerance, 10 August 2018,
<https://www.tolerance.org/magazine/hate-at-school-a-backtoschool-look-at-the-past-year>.

Наставни планови за справување со антисемитски инциденти:
Adrienne van der Valk, “Learn Something New Every Day”, 28 February 2017,
<http://www.tolerance.org/magazine/learn-something-new-every-day>.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR